| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Никола Тодоров, министер за здравство и |
| | Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и |
| | Стојанчо Стојковски, раководител на Сектор во Министерството за здравство |

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
## за здравствена задолжница

Скопје, март 2012 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-933/1
2.03.2012 година
Скопје

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за здравствена задолжница, што го утврди на седницата, одржана на 2.03.2012 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Насуф Ипчја, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, раководител на Сектор во Министерството за здравство.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

Подготвил:Катерина Јаневска
Проверил: Љубица Р. Димовска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Јавните здравствени установи кои се финансираат преку Фондот за Здравствено осигурување на Македонија и кои платниот промет го вршат преку трезорот на фондот се соочуваат со секојдневен проблем за наплата на интер-клиничките услуги. Ова е особено изразено во комплексот на клиничкиот центар во Скопје, каде што интер-клиничките услуги се големи ставки во буџетот на секоја клиника. Овој проблем дополнително се зголемува со побарувањата која ги има Јавна Установа за заеднички работи на потребите на јавните здравствени установи клиники и институти-Скопје кон сите клиники.

II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со предлог-законот се предвидува воведување на здравствена задолжница која ќе функционира како финансиска гаранција за наплата на побарувања помеѓу јавните здравствени установи кои се финансираат преку Фондот за Здравствено осигурување на Македонија и кои платниот промет го вршат преку трезорот на фондот и Јавна Установа за заеднички работи на потребите на јавните здравствени установи клиники и институти-Скопје

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој предлог на Закон се очекува да допринесе кон подобрување на ликвидноста и взаемната наплата на Јавните здравствени установи кои се финансираат преку Фондот за Здравствено осигурување на Македонија и кои платниот промет го вршат преку трезорот на фондот и Јавна Установа за заеднички работи на потребите на јавните здравствени установи клиники и институти-Скопје.

IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој предлог на закон нема фискални импликации.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАДОЛЖНИЦА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член1

Со овој закон се уредуваат начинот, видот, содржината и условите за издавање, како и реализација и престанување на важноста на здравствената задолжница (во понатамошниот текст: задолжница).

Член 2

Здравствената задолжница е инструмент за обезбедување на идни плаќања што должникот ги има во однос на доверителот од одреден облигационен однос.

Член 3

Издавач на задолжницата е јавна здравствена установа (во натамошниот текст: издавач), која што платниот промет го врши преку трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот), и од чија што трезорска сметка Фондот извршува плаќањето по задолжницата.

Член 4

Сопственик на задолжницата е јавна установа (во натамошниот текст: сопственик) во чија што корист е издадена и која што има право да бара наплата на задолжницата, ако установата издавач на задолжницата не го плати долгот во предвидениот рок за кој што е издадена задолжницата.

Член 5

Издавач и сопственик на здравствената задолжница како инструмент за обезбедување за идни плаќања што издавачот ги има во однос на сопственикот од одреден облигационен однос, може да бидат само здравствени установи, кој што платниот промет го вршат преку трезорот на Фондотот за здравствено осигурување на Македонија (по натамошниот текст: Фондот) и/или Јавна Установа.

Член 6

(1) Издавачот, пред да издаде задолжницата должен е да побара согласност од Фондот. Задолжница издадена без согласност од Фондот е ништовна.

(2) Фондот по разгледувањето на барањето за согласност, ја заверува задолжницата и истата ја доставува на издавачот.

(3) Формата и содржината на барањето за издавање на задолжница ги пропишува Министерот за здравство и мора да ги содржи следните елементи:

- назив и седиште на издавачот на задолжницата;
- назив и седиште на сопственик на задолжницата;
- основ за издавање;
- вредност на задолжницата;
- рок на доспеаност.

Член 7

(1) По добивањето на согласност, задолжницата се доставува на издавачот.

(2) Фондот е должен да води посебен регистар за секоја задолжница која ја има доставено до издавачот. Формата и содржината на регистарот ја утврдува Фондот.

(3) Задолжницата која е издадена без согласност од Фондот е ништовна.

## СОДРЖИНА НА ЗАДОЛЖНИЦАТА

### Член 8

(1) Формата и содржината на задолжницата ја пропишува Министерот за здравство и ги содржи следните битни елементи на предната страна:

- ознака дека е задолжница, отпечатена на самата задолжница на македонски јазик со кирилско писмо
- назив и седиште на издавачот на задолжницата;
- назив и седиште на сопственик на задолжницата;
- потпис и печат од издавачот на задолжницата;
- потпис и печат од сопственикот на задолжницата;
- основ за издавање;
- вредност на задолжницата;
- вредност за која што се бара наплата:
- рок на доспеаност;
- барање за извршување кон Фондот од сопственикот на задолжницата;
- единствен евиденциски број на задолжницата;
- евиденциски број на задожницата од Фондот;
- рок и место на издавање и
- место каде се поднесува за наплата.

(2) На задната страна на задолжницата стои кусо упатство за пополнување на задолжницата, печат и потпис од директорот/овластено лице од Фондот.

(3) Задолжницата се доставува до издавачот како прештампан образец со веќе внесени битни елементи, врз основа на податоците наведени во барањето за согласност, а во согласност со податоците со кој што Фондот располага во моментот на доставувањето.

### Член 9

(1) Задолжниците ги печати Фондот и им ги доставува на установите по нивно барање, но максимум до вредноста на 30% од реализираниот буџет за претходната година за сите доставени краткорочни и долгорочни задолжници за таа фискална година.

(2) Фондот ќе одбие да достави задолжница и доколку не е надминат процентот од став (1) на овој член, ако оцени дека согласно одобрениот буџет издавањето на задолжницата би го попречило нормалното работење на издавачот.

(3) Сите долгорочни задолжници за секоја фискална година поединечно не можат да бидат поголеми од 10% од реализираниот буџет за претходната година од годината во која што се бара издавање на долгорочна задолжница.

### Член 10

(1) Задолжницата мора да биде издадена во три примероци, и тоа по еден примерок за давателот, за сопственикот на задолжницата и за Фондот.

(2) Задолжницата има единствен евиденциски број на сите три примероци, а секој примерок е означен со посебен подброј.

(3) Задолжницата се потпишува и се заверува од страна на издавачот и сопственикот на секој поединечен примерок.

### Член 11

Со задолжницата може да се наплати доспеан долг, но не и камата поради задоцнето плаќање.

ВИДОВИ НА ЗАДОЛЖНИЦА

Член 12

Задолжницата може да биде:

- краткорочна задолжница, ако е наплатлива во истата фискална година во која што е издадена, или
- долгорочна задолжница, ако е наплатлива во следната/следните фискални години од годината во која што е издадена.

Член 13

Еден договор може да биде гарантиран со една или со повеќе задолжници, при што збирот на вредности на поединечните задолжници не смее да биде поголем од вредноста утврдена во договорот кој што се обезбедува.

Член 14

(1) Задолжницата се потпишува заедно со договорот кој што го обезбедува и се заверува и од давателот и од сопственикот на задолжницата, по претходно дадена согласност од Фондот.

(2) Првиот примерок од задолжница, означен со подброј 1 се депонира во Фондот, вториот примерок од задолжницата, означен со подброј 2 го задржува сопственикот, а третиот примерок од задолжницата, означен со подброј 3 го задржува издавачот.

(3) Фондот води посебен регистар на задолжници кои што се издадени. Формата и содржината на регистарот ја утврдува Фондот.

(4) Задолжница која што е доставена, но не издадена, издавачот може да ја врати до Фондот, при што Фондот истото го евидентира во регистрите.

Член 15

(1) Сопственик на задолжницата има право да бара наплата на истата, ако установата давател на задолжницата навремено не го платила долгот за кој што задолжницата е гаранција.

(2) Сопственикот на задолжницата барањето за наплата го поднесува под полна морална и материјална одговорност дека издавачот не го платил долгот по договорот за кој е издадена задолжницата до моментот на доставување на задолжницата за наплата.

(3) Сопственикот може да бара наплата по задолжницата на помала вредност од вредноста на задолжницата, при што задолжницата се смета за реализирана, а за останатиот дел од побарувањето може да побара од издавачот издавање на нова задолжница.

Член 16

(1) Доспевање на задолжницата е временски момент по кој што сопственикот може да бара наплата на задолжницата.

(2) Рокот на доспевање може да биде определен како фиксен датум или по истек на определено време.

Член 17

(1) Рок за барање на наплата на задолжницата е рок кој што почнува да тече од моментот на доспевање на задолжницата и е рок во кој што сопственикот може да бара наплата на задолжницата.

(2) Рокот за барање на наплата на задолжницата не може да е подолг од 30 дена.

Член 18

Задолжницата е непреносив инструмент за обезбедување на идни плаќања, освен при делење и спојување на установи, а по претходно позитивно мислење од Фондот.

## КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 19

(1) Одговорното лице на издавачот кој ќе издаде задолжница без согласност на Фондот од член 6 од овој закон, кривично ќе одговара и ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

(2) Издавачот што ќе издаде задолжница без согласност на Фондот, кривично ќе одговара и ќе се казни со парична казна.

### Член 20

(1) Одговорното лице на издавачот, кое ќе дозволи издавање на задолжница спротивно на условите од член 9 став (1) од овој закон, кривично ќе одговара и ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години

(2) Издавачот кој ќе издаде задолжница над процентот предвиден во член 9 став 1 на овој закон, кривично ќе одговара и ќе се казни со парична казна.

## ПРЕКРШОЧНА ОДРЕДБА

### Член 21

(1) Глоба во износ од од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на сопственикот на задолжница кој неосновано ќе побара и/или изврши наплата на задолжница.

(2) За прекршокот од став (1) на овој член, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на одговорното лице кај сопственикот на задолжницата.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 22

Здравствената задолжница како инструмент за обезбедување за идни плаќања што издавачот ги има во однос на сопственикот од одреден облигационен однос ќе почне да се применува за облигационите односи кои ќе настанат по одпочнување на примена на овој закон.

Подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон.

### Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 01.06.2012 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Во член 1, се уредуваат начинот, видот, содржината, условите и постапката за издавање, како и реализација и престанување на важноста на здравствената задолжница.

Во член 2 е дефинирана здравствената задолжница како инструмент за обезбедување за идни плаќања што должникот ги има во однос на доверителот од одреден облигационен однос.

Во член 3 и член 4 се дефинирани издавачот и спственикот на задолжницата.

Во членот 5, се определува дека издавач и сопственик на здравствената задолжница како финансиска гаранција за идни плаќања што издавачот ги има во однос на сопственикот од одреден облигационен однос, може да бидат само здравствени установи, кој што платниот промет го вршат преку трезорот на Фондотот за здравствено осигурување на Македонија (по понатамошниот текст: Фондот) и Јавна Установа за заеднички работи на потребите на јавните здравствени установи клиники и институти-Скопје.

Членот 6 и 7 ги определува обврските на издавачот и Фондот при издавање на задолжница.

Членот 8 ја определува формата и содржината на задолжницата и го овластва Фондот истите да ги пропише со подзаконски акт. Содржана е и одредба за ништовност на задолжница ако и недостига некој од елементите содржани во овој член.

Во членот 9 и 10 се регулираат обврските на Фондот за издавањето на задолжницата, како и бројот на примероците во кој што истата се издава.

Член 11 забранува наплата на камата со задолжницата, туку само основен долг.

Видовите на задолжница се операционализира во членот 12.

Операционализација за издавањето на задолжниццата се содржи во член 13 и 14.

Во член 15 се регулира наплатата на задолжницата, а во член 16 и 17 се регулираат доспевањето на задолжницата и рокот во кој што може да се бара наплата на истата.

Членот 18 ја дефинира задолжницата како непренослава финансиска гаранција, освен при делење и спојување на установи, а по претходно мислење од Фондот.

Казнените одредби се содржани во член 19, 20 и 21.

Преодни и завршни одредби се содржани во член 22 и 23, каде што е предвидено дека овој закон ќе се применува за од 01.01.2012 година, и за облигациони односи кои настануваат по овој датум.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предлог-законот се предвидува воведување на здравствена задолжница која ќе функционира како финансиска гаранција за наплата на побарувања помеѓу јавните здравствени установи кои се финансираат преку Фондот за Здравствено осигурување на Македонија и кои платниот промет го вршат преку трезорот на фондот и Јавна Установа за заеднички работи на потребите на јавните здравствени установи клиники и институти-Скопје